Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје го издава следното

# С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на блок 9 во Детален урбанистички план Градска четврт Ј 07-локалитети Капиштец, Завод за медицинска рехабилитација, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара, Општина Центар-Скопје, дека Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе Решение за спроведување на

## ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА
## по Предлог-изменување и дополнување на блок 9 во Детален урбанистички план Градска четврт Ј 07-локалитети Капиштец, Завод за медицинска рехабилитација, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара, Општина Центар-Скопје

Границата на зафатот е дефинирана:
- од **север** по оската на ул.„Ганчо Хаџипанзов";
- од **североисток** по оска на ул.„Капиштец";
- од **исток** по оска на ул.„Питу Гули";
- од **југозапад** по оска на ул.„Димитар Пандилов";
- од **запад** по оска на ул.„Ганчо Хаџипанзов".

Вкупната површина опфатена во рамките на опишаните граници изнесува 2,75 ха.

**Јавната презентација** по Предлог-изменување и дополнување на блок 9 во Детален урбанистички план Градска четврт Ј 07 - локалитети Капиштец, Завод за медицинска рехабилитација, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара, Општина Центар-Скопје, **ќе се одржи во** просториите на **Општина Центар-Скопје** (ул.„Михаил Цоков" бб) **во сала за состаноци, барака 6, на ден 26.04.2017 година (среда) во 13.00 часот.**

Предлог-изменување и дополнување на блок 9 во Детален урбанистички план Градска четврт Ј 07 - локалитети Капиштец, Завод за медицинска рехабилитација, Старо Водно, Долно Водно, Мало Курило и Цвеќара, Општина Центар-Скопје **ќе биде изложен во** просториите на ООУ „Кочо Рацин" (ул.„Салвадор Аљенде" бр.2) **секој работен ден од 8.00 до 16.00 часот, од 18.04.2017 до 03.05.2017 година.**

**Соопштението** за организирање на јавна презентација и јавна анкета **ќе биде објавено на** веб страната на Општина Центар-Скопје **www.centar.gov.mk и на информацискиот систем е-урбанизам**.

Контакт телефони **3203 605** и **3203 660** и email: **planiranje@centar.gov.mk.**

Во определениот рок заинтересираните физички и правни лица можат да доставуваат анкетни листови со забелешки и предлози по предлог планот.

Бр. 09-1306/4
10.04.2017 год.
Скопје

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**
**Андреј Жерновски**

ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ